ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
бр. 04-467/10
12.08.2019 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 52 став 1, став 2 и став 5 од Законот за административни службеници (Службен весник на РСМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), ВД Директорот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по интерен оглас**

1. По интерниот оглас бр. 02/2019 за унапредување на административен службеник, објавен на 31.07.2019 година на веб страната на општина Пехчево, на веб страната на Агенцијата за администрација и на огласната табла на ЈКП „Комуналец" – Пехчево, се избира кандидатот:
- Сања Касмска, со вкупно освоени бодови 30,01 за работно место под реден број 01. од интерниот оглас КДР0102Б02066 – Раководител на сектор за финансиско работење во Сектор за финансиско работење.

2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место Раководител на сектор за финансиско работење во рок од 5 (пет) дена по конечноста на Одлуката.

3. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 31.07.2019 година на веб страната на Агенцијата за администрација, на веб страната на општина Пехчево и на огласната табла на ЈКП „Комуналец" – Пехчево, објавен е интерен оглас бр. 02/2019 за унапредување на административен службеник во ЈКП „Комуналец"- Пехчево.

Со Решение бр. 04 – 467/6 од 07.08.2019 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, на ден 09.08.2019 година спроведе административна селекција за интерниот оглас и изготви Записник бр.04 – 467/7 од 09.08.2019 година, со кој се констатира дека на огласот е пријавен 1 (еден) кандидат, кој кандидат е уреден и продолжува во следната фаза (интервју).

На ден 09.08.2019 година, ВД Директорот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево спроведе интервју со уредниот кандидат за работното место КДР0102Б02066 Раководител на сектор

за финансиско работење. За спроведеното интервју изготвен е записник бр. 04 – 467/8. Записникот се достави до Комисијата за селекција за унапредување. Комисијата за селекција за унапредување врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто изготви финална ранг листа на интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат бр. 04 -467/9 од 09.08.2019 година и ги достави до ВД Директорот за донесување на Одлука за избор.

Од доставената финална ранг листа и предлог Одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, ВД Директорот на ЈКП „Комуналец" изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на општина Пехчево и на огласната табла на ЈКП „Комуналец"- Пехчево.

ЈКП „Комуналец" – Пехчево
ВД Директор
Горан Ајтарски

Доставено до:
- Кандидатот;
- Персоналното досие;
- Општина Пехчево;
- Архива.

Изработил: Снежана Димовска
Одобрил: Горан Ајтарски